
ПЕПЕЛАШКА
Топер

ПЕПЕЛАШКА


ВО БЛИЗИНАТА НА ЕДЕН УБАВ И ГОЛЕМ
ПАРК, ЖИВЕЕШЕ БОГАТ БЛАГОРОДНИК,
КОЈ ИМАШЕ МНОГУ УБАВА ЌЕРКА...

ТОЈ ОД НЕОДАМНА ОСТАНА
ВДОВЕЦ И СЕКОЈ ДЕН ЈА
НОСЕШЕ МАЛЕЧКАТА ЌЕРКА
КАЈ ЕДНА РАСКОШНА
ФОНТАНА. ЈА ГЛЕДАШЕ
КАКО СИ ИГРА,
РАЗМИСЛУВАЈЌИ ПОСТОЈАНО
КОЛКУ ТАЖНО ЌЕ Ѝ
БИДЕ ДЕТСТВОТО БЕЗ МАЈКА.
НАЈПОСЛЕ СЕ ОЖЕНИ
ПОВТОРНО, НО НЕМАШЕ
СРЕЌА. НОВАТА ЖЕНА БРЗО СЕ
ПОКАЖА КАКО МНОГУ
ГРУБА И ЛОША КОН УБАВАТА
ПОСВОЕНИЧКА, ДОДЕКА СВОИТЕ
ДВЕ ЌЕРКИ ГИ ОПСИПУВАШЕ СО
НЕЖНОСТ И СО ГРИЖА.
СИРОМАВИОТ ТАТКО, НЕ МОЖЕШЕ
ДОЛГО ДА ЈА ПОДНЕСЕ ОВАА ТАЖНА
ПОЛОЖБА НА СВОЈАТА ЌЕРКА И НАБРЗО
ПОЧИНА ЈАДОСАН. МАЌЕАТА И
ДВЕТЕ ПОЛУСЕСТРИ



ТОГАШ ПОЧНАА УШТЕ
ПОЛОШО ДА СЕ
ОДНЕСУВААТ КОН УБАВОТО
ДЕВОЈЧЕ.
ЈА ЗАДОЛЖУВАА
СО НАЈТЕШКИ И НАЈВАЛКАНИ
ЗАДАЧИ, А ЗА ДА ЈА ПОНИЖАТ
УШТЕ ПОВЕЌЕ, ЈА ВИКАА
ПЕПЕЛАШКА.
"ПЕПЕЛАШКЕ, ИСПЕРИ МИ ЈА
КОШУЛАТА" - Ѝ НАРЕДУВАШЕ
ЕДНАТА ПОЛУСЕСТРА.
"ПЕПЕЛАШКЕ, ИСЧЕТКАЈ ГИ
ФОТЕЛЈИТЕ" - ДОВИКУВАШЕ
ДРУГАТА. ЕДЕН ДЕН, ПЕПЕЛАШКА
СЛУШНА БАРАБАН НА ПЛОШТАДОТ
И ОТТРЧА ДА ВИДИ ШТО СЕ СЛУЧУВА.
ТОА БЕШЕ КРАЛСКИОТ ГЛАСНИК,
КОЈ ГИ КАНЕШЕ СИТЕ ДЕВОЈКИ НА
ГОЛЕМИОТ БАЛ ТАА ВЕЧЕР
НА КОЈ ТРЕБАШЕ ДА СЕ
ИЗБЕРЕ ЖЕНА ЗА





ПРИНЦОТ. НЕЈЗИНИТЕ
ПОЛУСЕСТРИ СЕ РАСТРЧАА
И ПОЧНАА ДА
Ѝ НАРЕДУВААТ: "ПЕПЕЛАШКЕ,
СТАВИ МИ ГО НА МЕСТО
НАЈУБАВИОТ ФУСТАН!" -
"НЕ, ИСПЕГЛАЈ ГО ПРВО
МОЈОТ!" ПЕПЕЛАШКА
ТРЧАЈЌИ ОД ЕДНАТА ДО
ДРУГАТА, НАЈДЕ ВРЕМЕ И ЈА
ЗАМОЛИ МАЌЕАТА:
"ГЛАСНИКОТ РЕЧЕ: "СИТЕ
ДЕВОЈКИ". ТОА ЗНАЧИ ДЕКА
ЌЕ МОЖАМ ДА ОДАМ И ЈАС?"
ЗЛОБНАТА МАЌЕА БЕЗДУШНО
СЕ ИЗНАСМЕА И ОДГОВОРИ:
"ЖАЛ МИ Е ПЕПЕЛАШКЕ,
НО ТИ ИМАШ МНОГУ РАБОТА
ДЕНЕСКА. ОСВЕН ТОА, НЕМАШ
СООДВЕТНА ОБЛЕКА!" И ТАКА,
ВЕЧЕРТА, МАЌЕАТА И ПОЛУСЕСТРИТЕ
ЗАМИНАА НА БАЛ, А



ПЕПЕЛАШКА ОСТАНА ГОРКО ПЛАЧЕЈЌИ. БЕШЕ ЗАДЛАБОЧЕНА ВО СВОИТЕ ТАЖНИ МИСЛИ КОГА ЗАД СЕБЕ СЛУШНА ЕДЕН МИЛ ГЛАС: "НЕ ГРИЖИ СЕ! СО МОЕТО ВОЛШЕБНО СТАПЧЕ ЌЕ ГИ РЕШАМ СИТЕ ТВОИ ПРОБЛЕМИ" - ТОА БЕШЕ ДОБРАТА САМОВИЛА ЗАБОРАВКА, КОЈА ПРОДОЛЖИ: "ДА ВИДИМЕ... ХМ, НЕ СЕ СЕЌАВАМ НА ФОРМУЛАТА ... АХА ЕВЕ!" - И ШТОТУКУ ПРОМРМОРЕ ДВА - ТРИ МАГИЧНИ ЗБОРА, НЕКОЛКУ ГЛУВЧИЊА ШТО СЕ НАОЃАА ВО БЛИЗИНА СЕ ПРЕТВОРИЈА ВО ПРЕКРАСНИ КОЊИ, КУЧЕТО ШТО БЕЗГРИЖНО СИ ИГРАШЕ СО ЕДНА КОСКА СТАНА КОЧИЈАШ, А ЕДНА ГОЛЕМА ТИКВА ШТО РАСТЕШЕ НА ТОА МЕСТО





СЕ ПРЕТВОРИ ВО БЛЕСКАВА КОЧИЈА. ДОБРАТА САМОВИЛА ЗАДОВОЛНО ГО ПОСМАТРАШЕ СВОЕТО ДЕЛО, А ТОГАШ СЕ ПРИСЕТИ ДЕКА СОСЕМА ЗАБОРАВИЛА НА ОБЛЕКАТА ЗА ПЕПЕЛАШКА. ПОВТОРНО, МАЛКУ ПОМИСЛИ КАКО БЕА МАГИЧНИТЕ ЗБОРОВИ, НО ШТОМ ГИ ИЗГОВОРИ, ПЕПЕЛАШКА БЕШЕ ВОЛШЕБНО ОБЛЕЧЕНА ВО НАЈУБАВ БАЛСКИ ФУСТАН ШТО МОЖЕШЕ ДА СЕ ЗАМИСЛИ. ДОБРАТА САМОВИЛА Ѝ НАПОМЕНА: "ЗАПОМНИ ДЕКА УБАВИТЕ РАБОТИ ТРААТ МАЛКУ; ТОЧНО НА ПОЛНОЌ СЕТА МАГИЈА ЌЕ ИСЧЕЗНЕ, ПА ГЛЕДАЈ ДОТОГАШ ДА БИДЕШ ВРАТЕНА". ПЕПЕЛАШКА ВЕТИ ДЕКА ЌЕ БИДЕ ТАКА И ЗАМИНА НА БАЛОТ.

ВО ДВОРЕЦОТ,



БАЛОТ БЕШЕ ВО ЕК И СИТЕ ТАНЦУВАА. САМО ПРИНЦОТ СЕДЕШЕ НА СТРАНА, НЕРАСПОЛОЖЕН БИДЕЈЌИ НИ ЕДНА ПАРТНЕРКА НЕ МУ СЕ ДОПАЃАШЕ. ШТОМ ВЛЕЗЕ ПЕПЕЛАШКА, ТОЈ ЈА ПОКАНИ ДА ИГРААТ И ЦЕЛА ВЕЧЕР ОСТАНА СО НЕА. ПЕПЕЛАШКА БЕШЕ ТОЛКУ ЗАНЕСЕНА И СЕ ИЗНЕНАДИ КОГА ЅИДНИОТ ЧАСОВНИК ПОЧНА ДА ОТЧУКУВА ДВАНАЕСЕТ УДАРИ. СЕ ПРОСТИ СО ПРИНЦОТ И СЕ СТРЧА НИЗ СКАЛИТЕ ЗА ДА СЕ ВРАТИ ДОМА НА ВРЕМЕ И ДА НЕ ЈА ВИДАТ ОБЛЕЧЕНА ВО ПАРТАЛИ. ПРИНЦОТ ПОЈДЕ ПО НЕА, НО ПЕПЕЛАШКА БЕШЕ ПОБРЗА И УСПЕА ДА СЕ КАЧИ ВО КОЧИЈАТА ПРЕД ТОЈ ДА ЈА СТИГНЕ. ВО БЕГАЊЕТО ПО





СКАЛИТЕ ГО ЗАГУБИ
ЧЕВЛИЧЕТО. ПРИНЦОТ ГО
ВИДЕ И ГО ЗЕДЕ.
ПЕПЕЛАШКА СТАСА ДОМА
ТОКМУ НА ВРЕМЕ, ПРЕД ДА
ИСЧЕЗНЕ МАГИЈАТА. МАЛКУ
ПОДОЦНА, СЕ ВРАТИ МАЌЕАТА
И ПОЛУСЕСТРИТЕ
РАСКАЖУВАЈЌИ ЗЛОБНО И СО
ЉУБОМОРА ЗА
НЕПОЗНАТАТА ДЕВОЈКА ВО
КОЈА СЕ ВЉУБИЛ ПРИНЦОТ.
УТРЕДЕНТА, ПОВТОРНО СЕ
СЛУШНА ТРОПАЊЕТО НА БАРАБАНОТ
НА ПЛОШТАДОТ И СИТЕ ОТИДОА
ДА ВИДАТ ШТО СЕ СЛУЧИЛО.
ОВОЈ ПАТ, ГЛАСНИКОТ БЕШЕ
ПРИДРУЖУВАН ОД ЕДЕН ПАЖ, КОЈ
ГО ДРЖЕШЕ ЧЕВЕЛОТ НА ПЕПЕЛАШКА,
И ОД ПРИНЦОТ ЛИЧНО!
ГЛАСНИКОТ ГИ КАНЕШЕ СИТЕ
ДЕВОЈКИ ОД





КРАЛСТВОТО ДА ГО ПРОБААТ ЧЕВЛИЧЕТО, ПА ТАА ШТО ЌЕ МОЖЕ ДА ГО ОБЛЕЧЕ, ЌЕ МУ СТАНЕ ЖЕНА НА ПРИНЦОТ. ПОЛУСЕСТРИТЕ НА ПЕПЕЛАШКА ВЕДНАШ СЕ ПРИЈАВИЈА ЗА ПРОБА, НО ВЕДНАШ СЕ ВРАТИЈА РАЗОЧАРАНИ. ПЕПЕЛАШКА ТОГАШ ПРАША: "МОЖЕ ЛИ И ЈАС ДА ПРОБАМ?" МАЌЕАТА САКАШЕ ПРЕЗРИВО ДА Ѝ НЕГИРА, НО ПРИНЦОТ, ПРЕПОЗНАВАЈЌИ ЈА ДЕВОЈКАТА ОД БАЛОТ, Ѝ ГО ДАДЕ ЧЕВЕЛОТ. ПЕПЕЛАШКА ГО ОБЛЕЧЕ БЕЗ МАКА, А ПРИНЦОТ, ПОЛН СО РАДОСТ ЈА ПРЕГРНА И ЈА ОДНЕСЕ ВО ПАЛАТАТА. НАПРАВИЈА ГОЛЕМА СВАДБА И ОТТОГАШ ЖИВЕЕЈА ЗАЕДНО СРЕЌНИ.

Прашања:

1. Дали ви се допадна приказната?
2. Кој е главен лик во приказната?
3. Опиши како изгледа главниот лик.
4. Раскажи ја приказната на мама и тато.
5. Нацртај го твојот омилен дел од приказната.

Одделенски наставник:

Милева Богданова